ИЗВЕШТАЈ

од извршените финансиски контроли
за периодот 01.01.-31.12.2010 година

Скопје, 31.01.2011 година

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 012
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 009
Е-пошта: info@fzo.org.mk

ЦЕЛ НА ФИНАНСИСКАТА КОНТРОЛА

Финансиската контрола во ЈЗУ се спроведува во согласност со Законот за јавна внатрешна финансиска контрола (Службен весник на РМ бр.90/2009), како и во согласност со членот 54, точка 12 и 13 и член 71 од Законот за здравствено осигурување, согласно кој Фондот врши контрола на средствата на здравствените установи остварени од Фондот за остварување на здравствени услуги на осигурените лица, нивното наменско и економично користење. Соодветно прашањето на финансиската контрола е уредено и со Договорот за извршување и плаќање на здравствени услуги помеѓу ФЗОМ и ЈЗУ.

Финансиската контрола, како задолжителен сегмент од јавната финансиска контрола врши финансиска и буџетска контрола во јавните здравствени установи, согласно законските прописи при што врши проверка на точноста и усогласеноста на сите документи кои се однесуваат на финансиските активности и создавање на обврските и расходите, со законите, подзаконските акти и интерните акти, одлуки и договори, пред и по нивно извршување.

ВИДОВИ НА ФИНАНАНСИСКИ КОНТРОЛИ

Во 2010 година извршени беа 84 целосни контроли на ЈЗУ согласно усвоениот Годишен план за финансиски контроли и месечните планирани активности.

Покрај редовните целосни контроли од Годишниот план, во текот на месеците април и мај 2010 година, финансиските контролори беа вклучени и во активностите за **контрола и ревизија на материјално финансиското работење на првата група на 20 ЈЗУ со најголеми долгови**, согласно заклучокот на Владата на РМ од сто четириесет и осмата седница одржана на 23.03.2010 година. Согласно овој заклучок формирана беше и работна група за ревизија и контрола на материјално финансиското работење на 20 јавни здравствени установи кои имаат најголеми долгови. Овие контроли беа извршени заедно со претставниците на Министерството за здравство, Министерството за

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 012
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 009
Е-пошта: info@fzo.org.mk

финансии, Бирото за јавни набавки и Државниот здравствен и санитарен инспекторат.

Врз основа на збирниот извештај разгледуван на 103-та затворена седница на Владата на Република Македонија одржана на 28.09.2010 произлезе заклучокот меѓуресорската комисија да изврши ревизија на наредните 20 ЈЗУ со најголеми долгови при што предмет на ревизијата е финансиското работење на ЈЗУ во 2009 и 2010 година. Во текот на месеците октомври, ноември и декември 2010 година, финансиските контролори извршија **контрола и ревизија на материјално финансиското работење на наредната група 20 ЈЗУ со најголеми долгови.**

Исто така во овој период финансиските контролори вршеа **перманентна контрола на пресметката на платите во ЈЗУ** кои функционираат на територијата што ја покрива неговата матична Подрачна служба на ФЗОМ.

Во 2010 година се извршени и 3 наменски контроли во ЈЗУ по налог на менаџментот на ФЗОМ а по барање на други институции или ЈЗУ.

Р.бр.	Вид на контрола	Број на направени контроли
1	Редовна целосна контрола според Годишниот план	84
2	Наменска контрола	3
3	Контрола на ЈЗУ со најголеми долгови	41
4	Редовни месечни контроли	23

Во текот на првото полугодие од годината, **во два наврати е вршена контрола и анализа на плаќањата во ЈУ од областа на здравството за потребите на ЈЗУ УК Завод и Ургентен Центар**, на долговите наследени од укинатиот ЈЗУ УКЦ Скопје.

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 012
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 009
Е-пошта: info@fzo.org.mk

ФИНАНСИСКИ КОНТРОЛОРИ

Финансиската контрола функционира во рамките на Секторот за финансиски прашања и е координирана од страна на Одделението за буџетска и финансиска контрола и координаторот на финансиските контролори во рамките на одделението.

Финансиската контрола за ЈЗУ при Фондот е составена од **15 овластени финансиски контролори на Фондот вклучително и координаторот на финансиската контрола од кои 2 контролори се лоцирани во Централата на Фондот а останатите се распоредени во следните 11 Подрачни служби на Фондот**:

- ПС Скопје 3 контролори, дипломирани економисти
- ПС Тетово 1 контролор, дипломиран економист
- ПС Гостивар 1 контролор, дипломиран економист
- ПС Струга 1 контролор, дипломиран економист
- ПС Охрид 1 контролор, дипломиран економист
- ПС Битола 1 контролор, дипломиран економист
- ПС Прилеп 1 контролор, дипломиран економист
- ПС Велес 1 контролор, дипломиран економист
- ПС Струмица 1 контролор, дипломиран економист
- ПС Кочани 1 контролор, дипломиран економист
- ПС Куманово 1 контролор, дипломиран економист

(Во прилог бр.1 е преглед на регионална покриеност на финансиските контролори)

Од сите извршени контроли се изготвени засебни извештаи, кои по презентацијата пред одговорните лица во ФЗОМ, се доставени до Министерството за здравство, Министерството за финансии и Државниот завод за ревизија за постапување секој според своите надлежности. Извештаите се доставени и до контролираните установи за увид во наодите и констатациите.

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 012
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 009
Е-пошта: info@fzo.org.mk

1. КОНТРОЛИ СПОРЕД ГОДИШНИОТ ПЛАН ЗА ЦЕЛОСНИ КОНТРОЛИ

Согласно Годишниот план за целосни контроли на материјално финансиското работење на ЈЗУ, операционализиран на месечно ниво, се вршеше контрола на 7 ЈЗУ секој месец, од страна на тим од двајца финансиски контролори. Контролите беа спроведувани во времетраење од два дена до до четири работни дена. Во текот на контролата беше контролирано финансиското работење на ЈЗУ во 2009 година. Покрај ова беше контролирано и финансиското работење на контролираната ЈЗУ и во периодот од 2010 година до денот на контролата.

Од извршените 84 контроли според Годишниот план, контролирани се:

- Универзитетски клиники..... 28
- Општи болници..... 12
- Клинички болници 3
- Здравствени домови..... 30
- Заводи..... 3
- Специјални болници..... 2
- Институти..... 3
- Ургентен центар 1
- Здравствена станица 2

(Во Прилог бр.2 на извештајот е преглед на контролираните ЈЗУ).

Целосните контроли опфатија контрола на:

- Усогласеност на финансискиот план со буџетот и планот за јавни набавки
- Пресметка на плати, утврдување на коефициентот на сложеност и бројот на вработениот персонал
- Јавни набавки и тендери за медицински потрошен материјал и лекови
- Ниво на залихи на медицински материјал и лекови
- Договори склучени со други ЈЗУ за сервисни услуги

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 012
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 009
Е-пошта: info@fzo.org.mk

- Договори склучени за набавки на продукти и услуги
- Изнајмување на простории и концесионерство
- Пресметка на дневници и патни трошоци
- Раководење со благајна
- Пресметка и наплата на партиципација
- Контрола на приходи и расходи
- Контрола на обврски и долгови
- Контрола на точноста на податоците во месечните извештаи (О1,О2, П1, Т1, ДТ1) кои ЈЗУ ги доставуваат до Фондот
- Обем на работа и број на пациенти
- Рефундации
- Тек на документи во поглед на набавка на лекови.

КОНСТАТИРАНИ СОСТОЈБИ ВО ЈЗУ ОД ЦЕЛОСНИТЕ КОНТРОЛИ

Најголеми неправилности во финансиското работење на ЈЗУ кои беа предмет на контролата беа констатирани кај утврдувањето на коефициентот на сложеност на вработените и утврдувањето на додатоците од плата на вработените (додаток за услови од работа и додаток за раководење).

Покрај ова беа констатирани неправилности во финансиското работење на ЈЗУ со ненаменско трошење на средствата т.е непочитување на буџетските правила на планирање и остварување на приходите и расходите.

Кај најголем дел од контролираните ЈЗУ е констатирано само формално изготвување на Финансискиот план и комплетно непридржување на истиот во трошењето на средствата во текот на 2009 и 2010 година. Исто така треба да се истакне и фактот дека ЈЗУ остваруваат расходи кои воопшто не ги планирале во Финансискиот план .

Кај неколку ЈЗУ е констатирано *„наградување на персоналот за ангажираното успешно работење*„ иако истите тие ЈЗУ секој месец генерираат долгови кои не можат да ги исплатат заради ненаменското трошење на средствата.

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 012
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 009
Е-пошта: info@fzo.org.mk

Констатирани се неправилности кај спроведувањето на јавните набавки во неколку јавни здравствени установи, додека неправилности кај контролата на договорените цени по спроведените јавни набавки во најголем дел кај набавката на лекови и медицински материјали се констатирани кај Универзитетските клиники, кои јавните набавки ги вршат преку ЈУ од областа на здравството за потребите на јавните здравствени установи, универзитетски клиники, завод и ургентен центар - Скопје.

При контролата на обврските и долговите на ЈЗУ генерален може да се извлече заклучок дека долговите кај ЈЗУ, во најголем дел произлегуваат од неплатени обврски за лекови и медицински материјали, а додека кај универзитетските клиники најчесто од меѓусебни меѓуклинички побарувања и обврски..

Кај најголем дел од контролирани ЈЗУ е констатирано надминување на планираните трошоци за плати и надоместоци. Во ЈЗУ се уште се ангажираат лица со договор за дело, покрај ангажирањето на лица на одредено време преку Агенциите за времено вработување. За ангажираните лица преку Агенции за времено вработување според законската процедура, ЈЗУ бараат и добиваат согласност од Владата на РМ односно Министерството за финансии, додека кај лицата ангажирани со договор за дело оваа законска процедура се заобиколува. На овој начин неконтролирано се зголемува масата на средства потребни за исплата на плати и надоместоци во ЈЗУ.

Кај најголем број од контролираните јавни здравствени установи е констатирано дека податоците од Бруто билансите не соодветствуваат со податоците искажани во завршните сметки што наведува на заклучок дека завршните сметки на јавните здравствени установи не ја искажуваат реалната материјално финансиска состојба.

Генерална констатација од сите контроли е неусогласеноста и неажурираниот Контен план за здравство, што резултира со

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 012
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 009
Е-пошта: info@fzo.org.mk

раскнижување на еден ист вид трошок на разни конта кај скоро сите контролирани јавни здравствени установи.

Табеларен преглед на констатирани состојби при контрола на 84 ЈЗУ

1	Кај сите контролирани Универзитетски клиники се констатирани погрешно пресметани плати за првите три месеци од 2009 година. Само кај 1 клиника е направена дополнителна пресметка со примена на новите коефициенти на сложеност
2	Кај 49 ЈЗУ е утврдено дека просечниот коефициент на додатоци на плата е над дозволениот, утврден во член 5 од Спогодбата за утврдување на најниска плата и начинот на пресметка и исплата на платите во здравствената дејност
3	Кај 71 контролирани ЈЗУ е констатирано дека не се вршат усогласувања во Финансискиот план при промените во приходната и расходната страна
4	Кај 39 од контролираните ЈЗУ е утврдено дека немаат изготвено и усвоено Буџет и Финансиски план
5	Кај сите контролирани Универзитетски клиники основната плата за првите три месеци од 2009 година е погрешно утврдена
6	Кај сите контролирани ЈЗУ е констатирано ненаменско трошење на средства т.е. остварување на расходи во поголем износ од планираниот па дури и остварување на расходи кои воопшто не се планирани со Годишниот финансиски план на установата

Најголем ризик при сите напред наведени неправилности во финансиското работење е создавање на непредвидени расходи и намалување на расположливите средства кои се предвидени за други намени. На овој начин со креирањето на непредвидени расходи се намалува платежната способност на ЈЗУ за плаќање на обврските за набавени лекови и медицински материјали. Со ова пак се ограничува т.е. се намалува способноста на ЈЗУ да ги вршат здравствените услуги поради немање на лекови и медицински материјали.

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 012
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 009
Е-пошта: info@fzo.org.mk

2. КОНТРОЛИ НА 20 ЈЗУ СО НАЈГОЛЕМИ ДОЛГОВИ

Од извршените 20 контроли, во јавните здравствени установи со најголеми долгови, по барање на Владата на РМ изготвени се Извештаи од

- Универзитетски клиники 6
- Клинички болници..... 3
- Општи болници 8
- Специјални болници 1
- Здравствени домови..... 2

(Во прилог бр.3 е листата на контролираните ЈЗУ)

За вршење на овие контроли беше формиран тим кој покрај финансиски контролори имаше четворица DRG контролори и четворица фармацевти контролори од ФЗОМ. Целиот тим работеше во две работни групи кои извршија комплетните контроли, изготвија Извештаи од извршената контрола во кои се евидентирани сите аспекти на работењето на ЈЗУ (финансиски, медицински и фармацевтски).

По извршените контроли во наведените ЈЗУ, Извештаите со констатираните состојби беа презентирани пред претставници на Владата на РМ.

КОНСТАТИРАНИ СОСТОЈБИ ПРИ КОНТРОЛА НА 20 ЈЗУ СО НАЈГОЛЕМИ ДОЛГОВИ:

- Долговите во најголем дел се резултат на високо ниво на неподмирени обврски кон надворешни добавувачи за лекови и медицински материјали, како и кон други ЈЗУ
- Нивото на исплатените плати во 2009 година е зголемено во однос на 2008 година. Кај сите контролирани Универзитетски клиники се констатирани погрешно пресметани плати за првите три месеци од 2009 година. Само кај 1 клиника е направена

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 012
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 009
Е-пошта: info@fzo.org.mk

дополнителна пресметка со примена на новите коефициенти на сложеност.

- Кај 15 од контролираните ЈЗУ е констатирано надминување на дозволените лимити на учеството на додатоците од плата во однос со основната плата
- Поедини ЈЗУ (5) од контролираните немаат изработено и усвоено од УО, Буџет и Годишен финансиски план
- Од увидот во случајно избраните цени за лекови од најповолно избраните добавувачи, кај поголем дел од контролираните ЈЗУ, договорените цени во поголем број ставки се со повисоки цени од рефентните.
- Кај поедини ЈЗУ (5) од контролираните е констатирано високо ниво на залихи на лекови и медицински материјали на крајот на годината, што доведува до врзување на парични средства во неликвидни обртни средства, што придонесува за генерирање на долгови
- Кај сите контролирани ЈЗУ кои имаат фактуриран износ по основ на Програми од Министерството за здравство, на крајот на 2009 година констатирани се ненаплатени побарувања од Министерството за здравство во вкупен износ од околу 97 милиони денари за овие ЈЗУ.
- Сите контролирани ЈЗУ не вршат усогласување на Буџетот и Финансискиот план со измените во приходната и расходната страна
- Пресметката на плата е погрешна кај 11 од контролираните ЈЗУ
- Утврдувањето на додатоците од плата се неправилни кај 5 од контролираните ЈЗУ
- План за здравствени услуги по вид и обем немаат изготвено и усвоено 6 од контролираните установи
- При контролата од страна на тимот на ДСГ контролата, кај поголем дел од контролираните ЈЗУ констатирано е кодирање на несоодветни секундарни и примарни дијагнози, како и кодирање на несоодветни процедури.

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 012
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 009
Е-пошта: info@fzo.org.mk

Владата на РМ на својата Сто шеесет и седма седница, одржана на 13.06.2010 година донесе три заклучоци за надминување на констатираните неправилности и системски грешки во работата на јавните здравствени установи и тоа:

- Формира работна група со претставници од Министерството за здравство, Министерството за финансии, Министерството за труд и социјална политика и Фондот за здравствено осигурување со задача во рок од еден месец да достави предлог за менување на структурата на колективниот договор за здравствената дејност.

- Министерството за здравство и Министерството за финансии во рок од 60 дена да го ревидираат контниот план за здравството.

- Министерството за информатичко општество со Министерството за здравство во рок од три недели да подготват унифициран софтвер за пресметка и исплата на платите во здравството, со кој ќе се оневозможи отстапување од Колективниот договор.

Врз основа на извештаите од извршена контрола беше изготвен "Збирен извештај со препораки и заклучоци од меѓуресорската комисија од извршената контрола на 20 Јавни здравствени установи со најголеми долгови како и извештај од Здравствен дом Крива Паланка", кој беше разгледан и усвоен од страна на Владата на Република Македонија на 103-та затворена седница одржана на 28.09.2010 година. Врз основа на овој извештај, Владата ги усвои препораките до надлежните институции (Министерство за здравство, Министерство за финансии, Биро за лекови, Трудова инспекција итн), генералните препораки до сите 114 јавни здравствени установи и поединечните препораки за контролираните 20 ЈЗУ вклучувајќи го и Здравствен дом Крива Паланка.

Како резултат на констатираните состојби со овие контроли беа разрешени директорите на седум јавни здравствени установи и

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 012
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 009
Е-пошта: info@fzo.org.mk

Управните одбори на 3 јавни здравствени установи, заради констатираните неправилности во нивното работење. Збирниот извештај од извршените контроли е испратен до Министерство за внатрешни работи и Јавно обвинителство на Македонија за понатамошно постапување и надлежност.

Во текот на месец Ноември 2010 година во 20 – те ЈЗУ со најголеми долгови вклучувајќи го и Здравствен дом Крива Паланка беше извршена повторна финансиска контрола заради утврдување на постапување на препораките од Збирниот извештај од извршени контроли. При тоа контролата утврди дека ниедна ЈЗУ ги нема во целост остварено укажаните препораки за надминување на неправилностите во работењето. Најчести неостварени препораки се следните:

- Кај 11 ЈЗУ се уште има надминување на процентот на додатоци над дозволениот согласно член 5 од Спогодбата за утврдување на најниска плата и начинот на пресметка и исплата на плата во здравствена дејност.
- Во 9 ЈЗУ вработените за кои се исплатени додатоци на плата кои не им следуваат, се уште ги немаат вратено средствата на Установата
- Во 3 ЈЗУ не е извршена промена во однос на погрешно утврдени коефициенти на сложеност и утврдување на додатоци од плата на вработени на кои не им следува
- Во 3 ЈЗУ месечните извештаи кои се доставуваат до ФЗОМ и понатаму не ја изразуваат реалната состојба
- Во 3 ЈЗУ се уште не се усвоени планските документи на Управен одбор
- Во 2 ЈЗУ каде е констатирана висока залиха, оптимизирањето на залихата се врши со забавено темпо
- Во 1 ЈЗУ на ангажираните со договор за волонтирање и понатаму им се исплатува над законскиот максимум
- Во 1 ЈЗУ не е извршено ограничување на прекувремената работа на лекарите
- Во 1 ЈЗУ се уште има ангажирано лице со договор за дело
- Во 1 ЈЗУ констатирана е злоупотреба на повикот на одделни лекари со натпишување на прекувремена работа

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 012
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 009
Е-пошта: info@fzo.org.mk

3. КОНТРОЛИ НА ВТОРА ГРУПА 20 ЈЗУ СО НАЈГОЛЕМИ ДОЛГОВИ

Во текот на месеците октомври, ноември и декември 2010 година, финансиските контролори, заедно со контролори од ДСГ контрола и контролори од Сектор фармација извршија **контрола и ревизија на материјално финансиското работење на наредната група 20 ЈЗУ со најголеми долгови.** Врз основа на извршената контрола беа изготвени Извештаи во кои се евидентирани сите аспекти на работењето на ЈЗУ (финансиски, медицински и фармацевтски). При тоа, беа контролирани:

- Универзитетски клиники 11
- Општа болница 3
- Завод 1
- Специјална болница 1
- Институт 3
- Стоматолошки клинички центар 1

(во прилог бр.4 е листата на контролирани ЈЗУ)

КОНСТАТИРАНИ СОСТОЈБИ ПРИ КОНТРОЛА НА ВТОРА ГРУПА 20 ЈЗУ СО НАЈГОЛЕМИ ДОЛГОВИ:

- Во 6 од контролираните 11 Универзитетски клиники, најголем дел од доспеаните обврски (долгови) се кон ЈУ од областа на здравството за потребите на ЈЗУ, УК, Завод и Ургентен центар – Скопје. Во останатите контролирани ЈЗУ, најголем дел од долгови се кон надворешни добавувачи за лекови и медицински материјали, а потоа и кон други ЈЗУ.
- Во 16 контролирани ЈЗУ во првите 3 месеци од 2009 година (а во некои ЈЗУ и за повеќе од 3 месеци) во рекапитуларите за плата основната плата е прикажана заедно со додатоците за раководење и услови за работа, а во 3 ЈЗУ во рекапитуларите за плата за 2009 и 2010 год. не се прикажуваат одделно додатоците на плата, па затоа истите не може да се одвојат и пресметаат


Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 012
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 009
Е-пошта: info@fzo.org.mk

- Во 3 од контролираните ЈЗУ додатоци од плата се повеќе од дозволените лимити утврдени во член 5 од Спогодбата за утврдување на најниска плата и начинот на пресметка и исплата на платите во здравствената дејност
- Во 6 од контролирани ЈЗУ има ангажирано вработени со Договор на дело
- Поедини ЈЗУ (6) од контролираните немаат изработено и усвоено од УО, Буџет и Годишен финансиски план
- Во 10 ЈЗУ не се врши усогласување на буџетот и финансискиот план согласно сите промени во приходната и расходната страна
- Кај најголем дел од контролирани ЈЗУ кои имаат фактуриран износ по основ на Програми од Министерството за здравство, констатирани се ненаплатени побарувања од Министерството за здравство за 2009 и 2010 година, во вкупен износ од околу 80,4 милиони денари за овие ЈЗУ.
- Кај 4 од контролираните ЈЗУ е констатирано ниво на залихи на лекови и медицински материјали на крајот на 2009 и во 2010 година која со истиот континуитет на трошење покрива потреби за период од повеќе од 5 месеци, што доведува до врзување на парични средства во неликвидни обртни средства, што придонесува за генерирање на долгови
- Во 14 ЈЗУ за извршените здравствени услуги во специјалистичко - консултативната дејност се избрани несоодветни специјалистички пакети и на пациентите им е наплаќана повисока партиципација
- Во 12 ЈЗУ во амбулантскиот дневник не се заведуваат дијагнозите и извршените здравствени услуги што е во спротивност на Законот за водење на евиденција во областа на здравството. Во најголем дел од нив, контролата не беше во можност да ги утврди дали се применуваат соодветни пакети, односно да се утврди финансиската импликација по ФЗОМ и осигурениците.
- Во 6 ЈЗУ од вкупно 8 контролирани ЈЗУ каде се врши дополнителна дејност, се пружаат само специјалистичко - консултативни здравствени услуги. При тоа, средствата од амбулантските прегледи паѓаат на товар на осигуреникот во целост

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 012
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 009
Е-пошта: info@fzo.org.mk

- Кај поголем дел од контролираните ЈЗУ се уште се врши кодирање со погрешни ДСГ кодови, кои имаат финансиска импликација за осигурениците, за Фондот и за ЈЗУ.
- Кај поголем дел од контролираните ЈЗУ, при увидот во случајно избраните цени за лекови од најповолно избраните добавувачи, договорените цени во поголем број ставки се со повисоки цени од рефентните.
- во 2 ЈЗУ пациенти кои се хоспитализирани и кои се кодирани по ДСГ методологија за истиот период се фактурирани истовремено по пакети за специјалистичко – консултативна здравствена заштита.

Со графиконски приказ е прикажана структурата на расходи и приходи за 2009 година на контролираните 20 ЈЗУ:



Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 012
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 009
Е-пошта: info@fzo.org.mk



4. РЕДОВНИ МЕСЕЧНИ КОНТРОЛИ

Овој вид на контроли подразбира контрола на пресметката на платата, контрола на искажаните вкупни обврски и долгови, контрола на платата на директорите на установите како и контрола на извршувањето на финансиските планови на установите.

Заради обемот на извршените целосни контроли. и ангажирањето на контролорите во меѓуресорската група за контрола на здравствените установи со големи долгови по налог на Владата на РМ, месечните контоли се извршени во помал обем од минатата година

Во Прилог бр.5 кон овој извештај, во табеларен преглед се прикажани вкупно 19 ЈЗУ кај кои и покрај укажаните препораки од страна на финансиската контрола, истите не ги почитуваат и тоа во најголем дел препораките за намалување на додатоците на плата, заради кои се надминуваат лимитите според Колективниот договор и Спогодбата за утврдување на најниската плата и начинот на пресметка и исплата на платите во здравствената дејност.

При овие контроли се врши проверка на пресметките на платите во јавните здравствени установи, во доменот колку се придржуваат истите до одредбите на Колективниот договор и Спогодбата т.е. колкаво е

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 012
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 009
Е-пошта: info@fzo.org.mk

учеството на додатоците од платата во основната плата и дали се почитуваат лимитите од членот 5 на Спогодбата (15% за здравствени домови, 20% за општи и специјални болници и 25% за клиники). Од извршените контроли во најголем дел се констатирани надминувања на лимитите.
Исто така со овие контроли се врши проверка на искажаните вкупни обврски и долгови.

Со овие контроли веднаш по укажувањата од контролорите , во јавните здравствени установи се корегираат грешките и неправилностите утврдени со контролата.
Овие контроли во најголем дел служат навреме да се укаже на грешките и неправилностите и истите да се исправат.

5. НАМЕНСКИ КОНТРОЛИ ПО БАРАЊЕ НА МЕНАЏМЕНТОТ НА ФЗОМ

Наменски контроли по барање на менаџментот и претставници на ЈЗУ се извршени во :

- Специјална болница за душевни болести Демир Хисар
- Клиничка болница Битола
- Здравствен дом Крива Паланка

При извршената финансиската контрола во ЈЗУ Специјална болница за душевни болести Демир Хисар, констатирано е ненаменско трошење на средства т.е. остварување на расходи во значителен поголем износ од планираниот и остварување на расходи кои воопшто не се планирани со Годишниот финансиски план на Установата.

Во ЈЗУ Клиничка болница – Битола констатирани се големи неправилности во извршување на постапките за јавни набавки заради

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 012
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 009
Е-пошта: info@fzo.org.mk

спроведување на постапки спротивно на одредбите на Законот за јавна набавка.

Во контролираната ЈЗУ Здравствен дом – Крива Паланка констатирано е злоупотреба на службена должност од страна на Директорот на оваа ЈЗУ.

Со овие контроли, кои беа извршени од страна на финансиските контролори, беше направена дополнителна контрола на финансиското работење на наведените здравствени установи. За констатираните неправилности во финансиското работење од извршените контроли беа запознаени Министерството за здравство, Министерството за финансии и Државниот завод за ревизија.

6. ДРУГИ АКТИВНОСТИ НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА БУЏЕТСКА И ФИНАНСИСКА КОНТРОЛА

Во текот на 2010 година, како вонредни активности на дел од финансиските контролори, беа нивната инволвираност во обуките и работните состаноци кои беа организирани од страна на Министерството за финансии во врска со **имплементација на Законот за јавна внатрешна финансиска контрола** во ФЗОМ. Истите контролори, се и членови на Работна група која работи на спроведување на Законот во Фондот. Оваа работна група изготви и спроведе мерки и постапки согласно Законот, кои се однесуваат на преименување, како и нова систематизација на Секторот за финансии согласно Законот за јавна внатрешна финансиска контрола. Во рамките на Секторот за финансиски прашања се формира Одделение за буџетска и финансиска контрола во чиј состав се 14 овластени финансиски контролори распоредени во 11 Подрачни служби и Централата на ФЗОМ, Координатор на финансиската контрола и Раководител на Одделение за буџетска и финансиска контрола.

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 012
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 009
Е-пошта: info@fzo.org.mk

Согласно Законот, дел од финансиските контроли изготвија работни процедури за управување со документи за плаќање во Централата на ФЗОМ и работна процедура за управување со документи за плаќање во Подрачните служби на Фондот.

Во текот на 2010 година претставници на одделението за буџетска и финансиска контрола беа вклучени во повеќе работни групи и тела формирани со ad hoc решенија на менаџментот на ФЗОМ и Министерот за здравство.

Со Решение на Министерот за здравство на крајот на јануари 2010 беше формирана работна група за утврдување на пониска најниска плата за исплата во здравствената дејност и усогласување на коефициентите на сложеност од Колективниот договор за здравствена дејност. Работната група ја заврши работата и достави предлог на коефициенти на сложеност за измени во Колективниот договор за здравствена дејност што резултира со измена на Колективниот договор со намалување на најниската плата за најнизок степен на сложеност од 12 865 денари на 12.167 и примена на новите изменети коефициенти од април 2010 година

Со решение на Министерот за здравство согласно Заклучок на Владата на РМ од Сто и третата затворена седница одржана на 28.09.2010 година беше формирана работна група за ажурирање и усогласување на Контниот план за здравствена дејност. Од страна на работната група беше изготвен предлог контен план и истиот беше доставен на Министерот за здравство во декември 2010 година.

ЗАКЛУЧОК

Во Извештаите од извршените контроли, овластените финансиски контроли за секоја утврдена неправилност даваат препораки до ЈЗУ за да се надминат неправилностите.

Адреса: Македонија бб, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 012
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 009
Е-пошта: info@fzo.org.mk

Финансиските контролори имаат двојна улога во вршењето на финансиската контрола во јавните здравствени установи. Контролната функција ја вршат заедно со едукативната, при што перманентно се врши укажување на надлежните во јавните здравствени установи за начините на изготвување и усвојување на планските документи, како и водењето на сметководството. Укажувањата ги бележат како препораки во извештајот после констатираните неправилности.

Постапувајќи според законската регулатива, Фондот за здравствено осигурување Извештаите ги доставува до Министерството за здравство, Министерство за финансии и до Државниот завод за ревизија заради понатамошно постапување по истите, согласно законските надлежности на секоја од наведените Институции .

Скопје, 31.01.2011 година Финансиска контрола во ФЗОМ